romaversitas north macedonia

ROMA EDUCATION FUND Invest | Educate | Engage

This Project is funded by the European Union

# ПОВИК ЗА ЕКСПЕРТ

## за кариерно советување за студенти Роми

Во рамките на проектот:
„Зголемување на пристапот и учеството на студентите Роми во високото образование и транзицијата на пазарот на трудот“

Здружението на граѓани „Ромаверзитас“ - Скопје во рамките на проектот: **„Зголемување на пристапот и учеството на студентите Роми во високото образование и транзицијата на пазарот на трудот“,** финансиран од Европска Унија и РЕФ, објавува повик ЕКСПЕРТ за кариерно советување за студенти Роми во период од Април до Јули 2024 година (4 месеци).

**<u>Опис на активноста</u>**

За период од 4 месеци, најмалку 10 студенти ќе имаат можност да ги користат услугите на експерт за кариерно советување. Истиот ќе развие Индивидуални Кариерни Планови, ќе подготви индивидуални Кратки биографии и ќе помогне при стекнување на посакуваните меки вештини на студентите Роми. Дополнително ќе се одржуваат месечни состаноци на кои студентите ќе можат да се информираат за тековните потреби на пазарот на трудот, овозможувајќи им на апсолвентите да донесат информирани одлуки за својата идна професија. На крајот од активноста, експертот ќе биде задолжен да поднесе извештај.

Временската рамка за реализирање на оваа активност е од Април до Јули 2024 година (4 месеци).

**<u>Цели на активноста</u>**

- Да им помогне на студентите Роми да обезбедат успешна транзиција во следното ниво на нивното образование или да се вработат;
- Да обезбеди академска поддршка за целиот процес со цел студентите да донесат информирана одлука;
- Да им помогне на студентите да идентификуваат, креираат и реализираат индивидуални цели на личен и професионален план;
- Да поддржи развој на студентите лидери кои имаат знаење, вештини и способности за реализирање на своите лични и кариерни цели;
- Да обезбеди целосна академска поддршка за надминување на сите проблеми и нејаснотии што ќе ги имаат студентите при транзиција на пазарот на трудот и идентификување на посакуваната работа.

**<u>Работни задачи на истражувачот-експерт</u>**

- На месечно ниво да одржува по најмалку еден работен состанок (вкупно 4) со цел да ги насочи студентите во своите активности и за истиот да поднесува извештај до тимот на Ромаверзитас;
- Да достави најмалку 10 индивидуални кариерни планови (за секој студент по еден);
- Да достави најмалку 10 Кратки биографии (за секој студент по еден);

- Да достави финален наративен извештај за неговиот ангажман.

*** Селектираното лице ќе склучи договор за авторско дело во кое ќе се регулираат работните задачи и висината на авторскиот надоместок. По исполнување на најмалку 70% од работните задачи ќе добие авторски надоместок во бруто износ од 1.200 евра, во денарска противвредност.

**Основни критериуми:**

- Соодветно високо образование (предност постдипломски студии)
- Работно искуство од најмалку 5 години
- Да има одлични истражувачки и аналитички способности
- Да имаат способности за планирање и организација

**Потребни Документи за пријавување за ментор**

За пријавување за ментор треба да се достават следните документи:

- кратка биографија
- диплома за завршено соодветно образование
- Друга документација која кандидатот смета дека ќе му биде во прилог на апликацијата (доколку има референтни писма, доколку поседува искуство за слична работа во други проекти, сертификати и сл.)

Сите заинтересирани кандидати, се охрабруваат да ги достават документите најдоцна до 28.03.2024 часот на меил kristijan.angelkov@romaversitas.org.mk или во просториите на Ромаверзиас, со назнака: Апликација за експерт за кариерно советување за студенти Роми.